683
863

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
ВЕЧЕР
Скопје
26. III. 1966

Разговор со академскиот сликар Стојан Размовски

Моето творештво е одраз на нашето поднебје

- **Композицијата „Ужас "е со тема од скопскиот катастрофален земјотрес**
- **Во план изложба и во Скопје**

Стојан Размовски е роден во 1929 година во село Вевчани, Струшко. Ја завршил Школата за уметничка резба во Охрид, потоа три години учи во Школата за применета уметност во Скопје. Академија за ликовна уметност завршува во 1958 година во Загреб, во класата на познатиот скулптор Фран Кршиник. Во текот на 1961 и 1962 година престојува во Париз, а постојано живее и работи во Постојна.

Својата прва самостојна изложба Размовски ја приреди под ведро небо во парк от „Борис Кидрич" во Пула, во 1959 година, во времето на траењето на Филмскиот фестивал. Потоа ус ледија наредните изложби: во Загреб (1960.) Париз (Уметничка галерија 147 на булеварот Монпарнас, 1962.,) Загреб (1963.), Милано (Галерија д' арте академија виа Фори шари 2., 1964.), Лозана (Галери потерат на 8-та авенија на театарот, 1965.) и Сиер — Швајцарија (Градски дворец, 1965.).

На 16 април Размовски ќе ја отвори и својата осма самостојна изложба, во салонот на Друштвото на пријателите на уметноста во Нон — шател, Швајцарија.

Судејќи според објавени те критики, досегашните изложби од Размовски стек наа заслужен успех и приз нание.

Парискиот критичар П. Жак напиша дека е Размовски „ју гословенски сликар со голем талент" и дека неговите композиции поетски ја изразуваат човечката мака и беда".

На своите настапи во земјата, а особено во Загреб, Размовски прикажа една типична варијанта на македонската со времена ликовна уметност, која наоѓа свој извор и смисла во истакнувањето на убавината на пиктуралната материја.

Ова и беше повод да ја искористиме нашата попатна средба со уметникот за овој разговор.

— Вие сте по академската наобразба скулптор, а по вокацијата — сликар! Кои теми предоминираат во Вашиот ликовен израз?

— Јас сум фигуративец, во мојот ликовен израз до минираат темите од катадневниот живот. Работам и митолошки библиски теми, кои се филозофска персонификација на нашето вре ме.

— Кажете ни која е врс ката меѓу родното македонско поднебје и Вашето творештво. Посебно не интересира: дали е веќе готова композицијата „Ужас", со тема од катастрофалниот земјотрес во Скопје, што неодамна ја најавивте?

— Мојата творечка работа е одраз и обележје на нашето поднебје. Композицијата „Ужас" се уште не е завршена, бидејќи бев зафатен. Работам порачка за ресторанот на Мотелот во Постојна — две големи композиции од вкупно 32 квадратни метри.

СТОЈАН РАЗМОВСКИ

— Судејќи по Вашите чести изложби вон границите на нашата земја. Вие многу патувате во странство. Какво е дејството врз младите уметници од сред бите со туѓе поднебја, умет ности и култури.

— Комуникацијата и кон тактот со туѓите поднебја и култури се мошне корисни.

— Досега не сте излагале во Скопје, кога можеме да очекуваме Ваша изложба и во нашиот град?

— Имам намера да излагам во Скопје, но фиксно не можам да речам кога. Во моментов имам неколку ангажмани, за кои со дого вор сум сврзан.

— Какви се вашите планови за во иднина.

— Од 16 април до 8 мај ќе ја одржам најавената изложба во Ноншател, Швајцарија. Имам намера да излагам и во Лондон.

А. Нејман